Архивски знак: 0302
Рок на чување: 1
2022 год.
Потпис,

Архивски знак: ____
Рок на чување: ____ год.
____ 20__ год.
Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
СКОПЈЕ
Примено: 10-02-2020
Орг. единица: 03 | Број: 70/4 | Прилог: | Вредност:

# ЗАПИСНИК

## за извршен инспекциски надзор

Ип 1 бр. 57-16
Датум: 10.2.2020 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | РСМ-Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје |
| Седиште/адреса на субјектот | Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9 во Скопје |
| Адреса за е-пошта | ukim@ukim.edu.mk |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ-Скопје |

| Одговорно лице на субјектот: | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| Никола Јанкуловски, ректор | | ukim@ukim.edu.mk |
| Марија Маневска,генерален секретар | | m.manevska@ukim.edu.mk |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 4.2.2020 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | | 11.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 10.2.2020 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | | 14.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | РСМ-Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: УКИМ) | | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Високо образование (шифра: 85.42) | | | |

| | |
|---|---|
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9 во Скопје |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Иницијативата за инспекциски надзор, поднесена од страна на                                                 којашто е заведена во Министерството за култура под број 27-86/1 од 8.1.2020 година. Според оценка на членовите на Советот, статутите на организациските единици на УКИМ не се стручно лекторирани според правилата на македонскиот правопис, при што во прилог на Иницијативата е доставен печатен примерок на електронското издание на „Универзитетски гласник“ (издавач УКИМ) бр. 462 од 18.10.2019 година, во којшто е објавен статутот на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје. При тоа, се укажува на поголем број на грешки при лекторирањето од страна на фирмата „Бестел“ ДООЕЛ од Скопје, којашто во изданието е наведена дека ја извршила лектурата на објавениот текст.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Зоран Маркозанов, виш инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ.

5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е спроведувањето на одредбите од Законот за употребата на македонскиот јазик („Сл. весник на РМ" бр. 98/05, 89/08, 116/10, 187/13, 152/15, 192/15 и 193/17), односно, постапување по обврската од член 7, а во врска со член 5 став 1 од Законот, согласно со којашто, текстовите што се објавуваат од страна на органите на државната власт, но и од трговските друштва, установите и другите правни лица, задолжително се лекторираат на македонски јазик, а лекторирањето го врши лице со положен испит за лектор, односно со добиена лекторска лиценца.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што е во прашање вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Марија Маневска, генерален секретар | | m.manevska@ukim.edu.mk |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор учествуваше и лицето Елизабета Додевска, советник за општи и правни работи во УКИМ.

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

- Врз основа на спроведена постапка за јавна набавка за услуги за лекторирање, број 2/2018, УКИМ склучил Договор за јавна набавка за услуги за лекторирање (за период од една година) со Друштвото за услуги „Бестел" ДООЕЛ од Скопје, заведен под број 25-1069/6 од 18.12.2018 година. Според изјавите на присутните лица, врз основа на склучениот Договор, УКИМ до „Бестел" редовно доставувал текстови за лекторирање, вклучително и горенаведениот статут на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје.
- Според презентираната електронска комуникација со „Бестел", УКИМ го доставил статутот на Педагошкиот факултет за лекторирање на 9.10.2019 година, додека лекторираниот текст (со означени корекции) е вратен од страна на „Бестел" на 14.10.2019 година.
- На 8.1.2020 година, до УКИМ е доставен допис од во којшто се укажува дека статутите на организациските единици на УКИМ не се стручно лекторирани според правилата на македонскиот правопис, при што во прилог е посочен статутот на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје.
- Со Допис број 03-70/2 од 10.1.2020 година, УКИМ го известил „Бестел" за реакцијата од при што е побарано во најкраток рок произнесување по наводите од дописот.
- Со допис во електронска форма, на 4.2.2020 година, „Бестел" го известил УКИМ дека тие делумно се согласуваат со забелешките од , од причини што дел од означените поправки во текстот не се однесуваат на лекторски грешки. Истовремено, со цел да се поправи направениот пропуст, „Бестел" искажал подготвеност повторно да извршат лектура на материјалите доставени од УКИМ.
- Во текот на инспекцискиот надзор, од страна на инспекторот им беше укажано на присутните лица дека сите јавно објавени текстови треба да бидат лекторирани во согласност со Законот за употребата на македонскиот јазик, поради што, со Допис

број 03-70/3 од 6.2.2020 година, УКИМ побара од „Бестел“ да изврши повторна јазичка редакција на сите акти коишто до „Бестел“ биле доставени на лекторирање во текот на 2019 година.

- Во однос на обврската од член 7 од Законот за употребата на македонскиот јазик, дека лекторирање може да врши лице со положен испит за лектор (односно со лекторска лиценца) и дека името на лекторот се објавува на соодветен начин, во текот на надзорот, од страна на инспекторот е побарана информација за лицето коешто го извршило лекторирањето на текстот на статутот на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје. По упатеното барање од страна на УКИМ, со допис во електронска форма, „Бестел“ одговори дека лекторирањето на споменатиот текст го извршила , доктор по филолошки науки од областа на македонистиката, којашто поседува Потврда за признато право на лекторирање, издадена од Министерството за култура, Совет за македонски јазик, заведена под број 14-364/2 од 1.5.1999 година.

- Оттука, врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека за утврдените неправилности во однос на спроведувањето на одредбите од член 7 од Законот за употребата на македонскиот јазик, УКИМ веќе во текот на надзорот ги презел сите неопходните мерки за нивно отстранување. При тоа, од страна на инспекторот им е укажано на присутните лица дека треба да го известат Секторот за управен и инспекциски надзор при Министерството за култура, како и Советот за македонски јазик, веднаш по повторното објавување на лекторираните текстови на електронското издание на „Универзитетски гласник“.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактича состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој ~~ИМАШЕ~~/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

Нема



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**

Сектор за управен и инспекциски надзор

Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: Марија Маневска, генерален секретар | | Печат и потпис на инспекторот за култура: Зоран Маркозанов, виш инспектор | |
| Датум: | 10.2.2020 г. | Датум: | 10.2.2020 г. |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk